Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.________________

________________

СКОПЈЕ

Врз основа на членот 41 став 1, член 45 и член 46 ст.1 т 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 1650/10, 83/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 47 и член 49 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ" бр.102/19) Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 30.04.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на судија на Основен кривичен суд Скопје**

За судија на Основен кривичен суд Скопје е избран **Фатос Јусуфи.**

Одлуката се објавува на веб-страницата на Советот, а по правосилноста и во "Службен весник на Република Северна Македонија ".

**О б р а з л о ж е н и е**

Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно одлука бр.09-611/1 од 11.03.2025 година, објави оглас бр.09-611/2 од 11.03.2025 година за избор на судии на Основен суд Берово, Основен суд Велес, Основен суд Виница, Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Делчево, Основен суд Кавадарци, Основен суд Кичево, Основен суд Кочани, Основен суд Кратово, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Неготино, Основен суд Радовиш, Основен суд Струмица, Основен суд Струга и Основен суд Штип ("Службен весник на РСМ" бр.55/25 од 12.03.2025 година).

На објавениот оглас за избор на судија на Основен кривичен суд Скопје се пријавија 9 (девет) кандидати со уредна документација и кои ги исполнуваат условите согласно законот.

Судскиот совет на Република Северна Македонија формираше Комисија која спроведе интервју со пријавените кандидати на кое интервју имаше можност да ги цени способностите на кандидатите за одговорно извршување на судиската функција, нивните етички и морални вредности, пристапот кон правдата, професионалната мотивација, способноста за комуникација, професионалниот односи како и социјалните компетенции, и врз основа на добиени бодови од интервјуто со кандидатите, успехот во Академијата за судии и јавни и обвинители и годината кога е завршена обука за секое судиско место од огласот ги рангира интервјуираните кандидати.

На седницата одржана на ден 30.04.2025 година секој член на Судскиот совет на Република Северна Македонија го образложи својот начин на гласање и кандидатот Фатос Јусуфи го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, со право на глас.

Согласно член 45 од Законот за судовите, кандидатот ги исполнува општите услови за избор на судија.

Кандидатот Фатос Јусуфи, има добиено вкупно 57,25 бодови, и тоа 52,13 бодови од успех во Академијата за судии и јавни обвинители и 5,12 бодови од Комисијата од спроведеното интервју.

Кандидатот Фатос Јусуфи е кандидат од VIII -та генерација кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, дипломирал на 20.12.2008 година на Правниот факултет при Универзитетот на југоисточна европа Тетово, а правосуден испит положил на 30.05.2018 година, има вкупен работен стаж од 17 години, 4 месеци и 22 дена, односно 6 години, 9 месеци и 23 дена, по положен правосуден испит.

Согласно горенаведеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата на ден 30.04.2025 година донесе одлука за избор со која за судија на Основен кривичен суд Скопје е избран Фатос Јусуфи.

**Бр.09-1193/25**
**08.05.2025 година**
**СКОПЈЕ**

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**м-р Александар Камбовски**